**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**

**До:**

**Предмет:** **Известување**

**Дата:** 30/09/2008
**Наш бр.:**

Почитувани,

Во согласност со членот 52 од Законот за поштенски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.9/2008), Агенцијата за пошти на Република Македонија има надлежност да ја пропише методологијата за пресметување на годишниот надоместок за надзор на пазарот на поштенски услуги и годишната стапка на годишниот надоместок, кој давателите на поштенски услуги се должни да го плаќаат на Агенцијата за пошти на Република Македонија.

Во врска со одредбите предвидени во членот 52, став 7, од Законот за поштенски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.9/2008), ве известуваме дека имате можност како даватели на поштенски услуги да доставите свои мислења и предлози во врска со годишниот надоместок, методот на пресметување и примената,кои Агенцијата ќе ги земе во предвид при изготвувањето и донесувањето на Правилникот за методологијата за пресметување на годишниот надоместок за надзор на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија.

Вашите предлози и мислења може да ги доставувате во писмена форма на адреса на Агенцијата за пошти, П.Фах 160, 1000 Скопје.

Исто така ве известуваме дека во периодот до донесувањето на Правилникот, сите даватели на поштенски услуги можат и директно да се обратат до Агенцијата за пошти во врска со нивните мислења и предлози, околу кои може да се преговара.

Со почит,
Агенција за пошти
Директор
Влатко Атанасоски